**ЕЛЕКТРОЛУКС – БИТОЛА** **DEKEMVRI 1994 god**

**ОДЛУКА – НАРЕДБА 2**

1. Работното време почнува во 9:00 часот, пристигнувањето се пријавува кај директорот.
2. Од 9:00 часот да се исчисти канцеларијата, дуќанот и пред дуќанот. Може да се доручкува или до 9:30 часот или да се заврши некоја приватна работа.
3. Не смее да биде некој отсутен од раборно место без са добие дозвола од претпоставениот. Работното време трае од 9:00 до 17:00 часот, а во сабота од 9:00 до 14 часот. Раборното време се продолжува доколку има потреба.
4. Вработените треба да внимаваат на својот изглед. (Пристојно облечени, мантил или работно одело).
5. Доколку некој ги прекршува воспоставените правила, се добива опомена. После две добиени опомени следува казна 10% се намалува месечниот личен доход, а за ученици предвидени се други казнени мерки.
6. Во случај на недостаток на работно одело треба да се пријави кај директорот.
7. Доколку не се извршуваат работите навреме по вина на некој од вработените или шефот истите треба да сносат одговорност и се казнуваат со 10% намалување на месечниот личен доход, а за ученици предвидени се други казнени мерки.
8. Доколку директорот закасни на работа одговорните за својот оддел треба да ја извршуваат својата работа без никакви опревдувања за неговата отсутност. За неодговорност се добиваат негативни поени.
9. За неоправдано доцнење на работно место се добиваат негативни поени.

Поука:

**Работата е учење, а трудољубивоста и послушноста - напредок**